# Покана за медиумите

**До: Средствата за јавно информирање** **Дата: 20.02.2013**

# Конференција „Жената Ромка во политиката"

Почитувани,
Би сакале на ***21.02.2013*** (четврток), во 12часот да Ве поканиме на конференцијата и јавната расправа на тема: ***„Учество на жената Ромка во политиката"*** што ќе се одржи во Хотел Порта, Скопје. Настанот има за цел да ги актуелизира и отвори прашањата за учеството на жените Ромки во јавниот и политичкиот живот**,** имајќи ги во предвид проблемите и предизвиците со кои се соочуваат во остварувањето на еднаквите можности, како во семејството, така и во општеството. Конференцијата е во организација на Женската граѓанска иницијатива АНТИКО, со поддршка на Канцеларијата 11на Високиот комесар на ОН за човекови права од Женева, во рамките на програмата „Жените Ромки тоа го можат II".

Ќе ни биде задоволство доколку и Вие како медиум присуствувате на настанот и дадете активен придонес и поддршка во унапредувањето на човековите права на жените Ромки и нивното активно учество во јавниот и политичкиот живот на земјата**.**

Со почит,
Женска граѓанска иницијатива АНТИКО

за дополнителни информации можете да јаконтактирате Зурија Фазлиоска на e-mail: contact@antiko.org.mk или тел: 02 614 641; www.antiko.org.mk